ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

Наш број: 09-8534/1
27.09.2018
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 , 142/2016 и 11/2018), Секретарот на Град Скопје, донесе

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по интерен оглас

1.За извршител на работното место УПР0101Б04000 **Раководител на Одделение за присилна наплата, прием, издавање, заверка на документи за даноци, такси и други надоместоци** во Одделение за присилна наплата, прием, издавање, заверка на документи за даноци, такси и други надоместоци, Сектор за финансиски прашања се избира кандидатот **Александар Георгиевски.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На ден 17.09.2018 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.03/2018 за пополнување работни места со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр. 09-7996/6 од 24.09.2018 година ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодирање изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Раководител на Одделение за присилна наплата, прием, издавање, заверка на документи за даноци, такси и други надоместоци во Одделение за присилна наплата, прием, издавање, заверка на документи за даноци, такси и други надоместоци, Сектор за финансиски прашања на Град Скопје му предложи на Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот **Александар Георгиевски**.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Архивата

**Град Скопје**
**Секретар**

**Викторија Аврамовска Мадиќ**